Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02-1220/10
04.11 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошки Факултет „Св. Климент Охридски"- Скопје, во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на 2 ноември 2016 год., донесе

# ОДЛУКА

**за дополнување на Одлуката за условите, критериумите и правилата на студирање на прв циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, за студентите кои се запишани на овој Факултет, од учебната 2010/2011 год. наваму, по ЕКТС системот, заверена под број 02-774/3 од 20.09.2013 г.**

**Член 1**

Се дополнува Одлуката за условите, критериумите и правилата на студирање на прв циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, за студентите кои се запишани на овој Факултет, од учебната 2010/2011 год. наваму, по ЕКТС системот, заверена под број 02-774/3 од 20.09.2013 г., на начин што во истата, во чл. 1, по ставот 10 се додаваат три нови става, и тоа став 10 -а, став 10-б и став 10-в, кои ќе гласат:

„член 1, став 10-а"

За студентите кои во тековната учебна година за прв пат запишуваат предмет од зимскиот или летниот семестар и за кој немаат потпис за уредна посетеност на наставата како услов за полагање на испит, а за кој не е предвиден распоред за настава или вежби во тој семестар, следењето на наставата по тој предмет ќе го реализираат менторски.

„член 1, став 10-б"

По исклучок од ст. 10-а на член 1, доколку бројот на студенти по овој основ е поголем од 6 студенти, за следењето на наставата ќе се организира соодветен термин во договор со предметниот наставник, и за истото ќе бидат известени студентите со објава на огласната табла и Веб страната на Факултетот.

„член 1, став 10-в"

За студентите кои во тековната учебна година наставата ќе ја следат согласно став 10-а или 10-б на член 1 од оваа Одлука, предметниот наставник е должен да им обезбеди термини за полагање на колоквиуми по соодветниот предмет, односно да им овозможи право на полагање на завршен испит на тој предмет во рамките на сесиите предвидени за полагање на предметите по студиската програма по која тие студенти студираат во соодветниот семестар.

**Член 2**

Во се останато остануваат во сила одредбите на Одлуката за условите, критериумите и правилата на студирање на прв циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, за студентите кои се запишани на овој Факултет, од учебната 2010/2011 год. наваму,по ЕКТС системот, заверена под број 02-774/3 од 20.09.2013 г., заедно со сите нејзини измени и дополнувања, како и толкувања и дополнувања на истите.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, и истата ќе се применува сметано од зимскиот семестар на учебната 2016/2017 г. натаму.

**Доставено до:**
- Декан
- Продекани и раководители на Институти, по електронски пат
- Секретар
- Советници за студентски прашања, по електронски пат
- Огласна табла
- ВЕБ страна на Факултетот
- Архива

**Декан,**
**Проф. д-р Емиљ Сулејмани**